Влада на Република Северна Македонија
Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество

# Д Е Л О В Н И К
**за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор**

Скопје, јуни 2021 година

Врз основа на член 2 став (2) од Одлуката за формирање на Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/16 и 164/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 97/19 и бр.116/21), Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, на седницата одржана на 3.6.2021 година, донесе

# Д Е Л О В Н И К
## за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

### Член 1

Во Деловникот за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (бр.37-388/1 од 14.5.2018 година, бр.38-22/1 од 4.7.2019 година, бр.38-29/7 од 28.10.2019 година и бр. 39- / од 22.4.2021 година), во насловот и во членот 1 зборовите „Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор“ се заменуваат со зборовите „Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество“.

### Член 2

Во член 2 став (2) алинејата 1 се менува и гласи:

„- ја следи и анализира јавната политика која влијае на околината во која се развива граѓанското општество;“.

Во алинејата 4 зборовите „го поттикнува унапредувањето на соработката и градењето на партнерски односи на Владата и органите на државната управа со граѓанскиот сектор“ се заменуваат со зборовите „спроведува активности за подигање на свеста за промовирање на култура  на соработка и партнерство“.

Во алинејата 5 на крајот на реченицата точката и запирката се заменуваат со запирка и се додаваат зборовите „преку разгледување на квартални извештаи за напредокот на спроведувањето на Стратегијата;“.

Во алинејата 9 на крајот на реченицата точката и запирката се заменуваат со запирка и се додаваат зборовите „врз основа на елаборирана секторска анализа на надлежните органи на државната управа;“.

Алинејата 11 се менува и гласи:

„- разгледува предлози поднесени од организации и зазема ставови по прашања поврзани со овозможувачка средина за организациите;“.

### Член 3

Низ целиот текст зборовите „граѓанскиот сектор“ се заменуваат со зборовите „граѓанското општество“.

### Член 4

Овој деловник влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 32-41/2
3.6.2021 година

Претседателка на Советот
за соработка меѓу Владата и граѓанското општество
Фани Каранфилова Пановска

О б р а з л о ж е н и е

Работата на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество беше анализирана со експертска поддршка на проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката околина за граѓанските организации во Република Северна Македонија“, финансиран од Европската Унија, а на 17 и 23.2.2021 година проектот организираше две еднодневни работилници за членовите на Советот, за унапредување на правната рамка и методите на неговата работа. Врз основа на експертското мислење, дискусијата на работилниците и расправата на 30.седница на Советот, одржана на 15.3.2021 година, Советот препорача измени и дополнувања на Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор во неколку сегметни, и тоа: името на советодавното тело да се измени во Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, да се прецизираат надлежностите утврдени во член 2 од Одлуката, а престанокот на членување во Советот, наместо отсуство од три седници во текот на една година, да се предвиди поради отсуство од три последователни седници на Советот.

Предложените измени на Деловникот за работа на Советот се во насока на негово усогласување со Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на грѓанскиот сектор, што Владата на Република Северна Македонија ја донесе на седницата одржана на 25.5.2021 година.